РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2336/1 од 02.09.2024 година, оформен по пријава со наводи за нерегуларности при објавени јавни огласи за вработување на наставници во училишта во ----, ----, ----и ----, СЕ ЗАПИРА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-2336/1 од 02.09.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, преку електронска пошта, на ден 02.09.2024 година, поднесена е пријава против неколку училишта за нерегуларности при објавени огласи за вработување на наставници и оформен е предмет број 12-2336/1 од 02.09.2024 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Наводите во пријавата се однесуваат на тоа дека на ден ----.2024 година (----) од страна на Агенцијата за вработување на РСМ биле објавени Огласи за вработување на наставници во неколку училишта, и тоа: ----; ----, ----, како и во правното лице ----од ----и дека рокот за пријавувањето на кандидатите по овие огласи траел заклучно со ----.2024 година (----), заради што, подносителот посочува дека овие огласи биле објавени спротивно на одредбите од член 23 од Законот за работните односи, каде е уредено дека рокот за пријавување не смее да биде пократок од три работни дена.

Државната комисија изврши увид во јавно достапните информации кои се однесуваат на пријавеното училиште ---- и утврди дека се работи за приватен правен субјект со регистрирана дејност за вршење на помошни услуги во образованието. Оттука, а согласно надлежностите на Државната комисија утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се констатира дека ДКСК нема надлежност за постапување по наводите кои се однесуваат на објавениот оглас за одделенски наставник во приватниот правен субјект ----.

Што се однесува до објавените огласи во останатите училишта кои се наведени во пријавата, а со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државен просветен инспекторат на РСМ, Државен инспекторат за труд на РСМ и до Агенцијата за вработување на РСМ, по што се констатира следното:

При извршен вонреден инспекциски надзор на Државниот просветен инспекторат во ----; ---- и во ---- не била констатирана законска повреда од надлежност на Државниот просветен инспекторат, а во однос на наводите за времетраењето на јавните огласи, Државниот просветен инспекторат постапувајќи согласно член 34 од Законот за просветна инспекција, пријавата ја доставил на надлежно постапување до Државен инспекторат за труд.

Државниот инспекторат за труд, достави Известување за извршен вонреден инспекциски надзор во ----, каде е наведено дека инспекторот изготвил

Записник со ИП1 бр.---- од ----.2024 година во кој констатирал неправилности кај субјектот заради прекршување на член 22 од Законот за работните односи, кој член се однесува на обврската на работодавачот за внесување на јавниот оглас во електронскиот систем на Агенцијата за вработување на РСМ пред објавувањето на истиот, за која неправилност инспекторот постапил согласно член 265 став 1 и став 2 од истиот закон и повел прекршочна постапка.
Дополнително, инспекторот утврдил неправилности во однос на пријава на огласот поднесена од страна на еден кандидат - ----, која Конкурсната комисија ја оценела како задоцнета. Имено, Конкурсната комисија која била формирана со Одлука на ден ----.2024 година, истиот ден ги разгледала доставените документи и изготвила Записник број ---- од ----.2024 година, а потоа училишниот одбор донел предлог мислење за изборот на кандидати за вработување до Директорот. Инспекторот констатирал дека предлог мислењето било дадено без да се чека последниот ден од рокот за Јавниот оглас, односно дека една од доставените пријави која била пратена по препорачана поштенска пратка на ден ----.2024 година, не била земена во разгледување, а документите биле вратени на кандидатот со известување дека истите биле ненавремено доставени.
Од причина што потврдувањето на законитоста во однос на роковите за прием на документацијата од кандидатите и нивно разгледување е во надлежност на Државниот просветен инспекторат, Државниот инспекторат за труд пријавата ја проследил на нивно надлежно постапување.

Во доставеното Известување со број ИП1 ---- од ----.2025 година од Државниот просветен инспекторат, се наведува дека инспекторот утврдил дека училиштето се обратило до Македонска пошта – ---- заради обезбедување на информација од системот на Македонски пошти за датумот и времето на евидентираната пратка на пракачот, од каде бил доставен одговор дека бараната пратка во Македонски пошти – ---- била примена на ден ----.2024 година во ---- часот, а испорачана до училиштето на ден ----.2024 година, односно дека документацијата е била испратена по завршувањето на рокот за пријавување, наведен во огласот, поради што не биле констатирани неправилности во постапката.

По извршениот вонреден инспекциски надзор во останатите училишта односно во ----, и во ----, од страна на Државниот инспекторат за труд не биле утврдени никакви неправилности во работењето на субјектите на надзор, односно било констатирано дека Јавниот оглас траел три (3) работни дена, што е во согласност со член 23 став 1 ал.6 од Законот за работни односи, за која состојба биле изготвени Записник со ИП1 бр. ---- од ----.2024 година, односно Записник со ИП1 бр. ---- од ---- и ----.2024 година.

Дополнително, во однос на рокот на објавените огласи и обезбедувањето на документацијата од Агенцијата за вработување на РСМ, се констатира дека сите огласи биле објавени согласно член 23 став 1 ал.6 од Законот за работни односи, со времетраење од 3 (три) дена.

Врз основа на наведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, од причина што од страна на надлежните институции (Државниот просветен инспекторат, Државниот инспекторат за труд и Агенцијата за вработување на РСМ) нема утврдени повреди на законските одредби во врска со наводите од пријавата, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Заменик претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Ц.Р., член на ДКСК